**20130320852**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 40 став (8) од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11, 136/11 и 123/12), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 26.2.2013 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА АКТИВНОСТИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ОД ОБЛАСТА НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ

Член 1

Со оваа одлука се пропишува висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните.

Член 2

Висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните е дадена во Прилог кој е составен дел на оваа одлука. Наведените цени се без вклучен ДДВ.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука, престанува да важи Прилог 3 од Одлуката на Владата на Република Македонија за висината на надоместокот за граничните ветеринарни контроли, за сите активности и службени контроли за производи од животинско потекло, храна и производи за исхрана на животни кои се ставаат во промет во Република Македонија и за идентификација и регистрација на животните и одгледувалиштата и издавање на сертификати за здравствена состојба на животните („Службен весник на Република Македонија” бр. 109/2009).

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 41-1460/2
26 февруари 2013 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски,** с.р.

**Прилог**

Висина на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните

1. Висината на надоместоците за активности од јавен интерес од областа на здравствената заштита на животните се во согласност со Табела 1.

*Табела 1: Висина на надоместоците за активности од јавен интерес од областа на здравствената заштита на животните*

| РБ | Активност | Вид животно | Единачна цена без ДДВ | Патни трошоци |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Земање мостри крв по годишна наредба | коњ | 84 | да |
| | | говеда | 84 | да |
| | | свињи | 84 | да |
| | | свињи во кланица | 53 | да |
| | | овци/кози | 53 | да |
| | | домашни и диви птици | 53 | да |
| | | куче и мачка | 84 | да |
| 2 | Земање мостра крв и брис од клоака и душник од исто животно | домашни и диви птици | 53 | не |
| 3 | Туберкулинизација | говеда | 316 | да |
| 4 | Клинички преглед на пчелна заедница (по Годишна наредба) | пчели | 50 | да |
| 5 | Земање и испраќање мостри од пчелни заедници сомнителни на болест (по Решение од официјален ветеринар) | пчели | 80 | да |
| 6 | Клинички преглед на риби од рибник (по Годишна наредба) | риби | 800 | да |
| 7 | Земање и испраќање мостри од риби и вода (по Решение од официјален ветеринар) | риби | 800 | не |
| 8 | Пато-анатомски преглед и земање и испраќање мостри за лабораториско испитување од одгледувалиште (по Решение од официјален ветеринар) | овци/кози | 900 | не |
| | | говеда | 1300 | не |
| | | свињи | 900 | не |
| | | коњи | 1300 | не |
| | | куче/мачка | 500 | не |
| | | живина | 90 | не |
| 9 | Земање и испраќање мали животни на лабораториско испитување (по Решение од официјален ветеринар) | сите | 250 | не |
| 10 | Земање и испраќање абортиран фетус, плацента и крв по абортус (по Решение од официјален ветеринар) | говеда | 500 | не |
| | | овци/кози | 350 | не |
| | | свињи | 500 | не |
| | | коњи | 500 | не |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 11 | Земање и испраќање мозок за лабораториско испитување на БСЕ/Скрепи од угинати животни на одгледувалиште | говеда | 500 | не |
| | | овци/кози | 250 | не |
| 12 | Застрелување лисици во рамките на мониторинг на орална вакцинација на беснило | лисици | 900 | да |
| 13 | Манипулација и земање мостри од застрелана лисица од страна на ветеринарно друштво | лисици | 500 | да |
| 14 | Еутаназија на животни со регистрирани ВМП (по Решение на официјален ветеринар) | коњ | 210 | не |
| | | говедо | 210 | не |
| | | овци/кози | 126 | не |
| | | свињи | 126 | не |
| | | куче/мачка | 158 | не |
| | | живина | 16 | |
| 15 | Вакцинација против антракс | коњ/говедо | 63 | да |
| | | овци/кози/свињи | 53 | да |
| 16 | Вакцинација против бруцелоза | овци/кози | 48 | да |
| 17 | Вакцинација против класична чума кај свињи* | свињи | 106 | да |
| 18 | Вакцинација на кучиња и мачки против беснило вклучително со дехелментизација | куче/мачка | 500 | да |
| 19 | Клинички преглед и земање мостра крв при сомнеж на болест (по Решение од официјален ветеринар) | коњ | 250 | не |
| | | говедо | 150 | не |
| | | овци/кози | 100 | не |
| | | свињи | 250 | не |
| 20 | Издавање сертификати за здравствена состојба на животните | говедо, бивол, коњ, магаре, мазга и мула | 158 | да |
| | | теле, биволче, ждребе и прле до 6 месеци старост | 105 | да |
| | | свиња над 25 кг жива мера | 32 | да |
| | | свиња под 25 кг жива мера | 16 | да |
| | | овца и коза | 27 | да |
| | | јагне и јаре до 3 месеци старост | 11 | да |
| | | живина | 2 | да |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | пилиња до седумдневна возраст за 100 пилиња во пратка | 11 | да |
| | | ратини (ној, ему, нанду) | 84 | да |
| | | зајак питом | 11 | да |
| | | куче | 105 | да |
| | | мачка | 84 | да |
| | | риба (конзумна, подмладок и икра) за 1 кг | 3 | да |
| | | пчели за 1 кошница | 16 | да |
| | | пчелна матица | 32 | да |
| | | полжави за 1 кг | 3 | да |
| | | дивеч | 11 | да |
| | | | 105 | да |
| | | | 158 | да |
| 21 | Дезинфекција по м2 | | 6 | да |
| 22 | Внесување податоци за здравствена заштита на животните во Ветеринарен Информативен Систем | сите видови животни по животно | 4 | да |
| | | по одгледувалиште за сите видови животни | 40 | да |

2. Трошоците под реден број 1, 2, 5, 7, 8, 9, 10, 11, 13, 14, 15, 16, 19, 21 и 22 во целост се на товар на Програмата за здравствена заштита на животните во тековната година и се исплаќаат на ветеринарните друштва со кои Агенцијата за храна и ветеринарство има склучено договор.

3. Трошоците под реден број 12 во целост се на товар на Програмата за здравствена заштита на животните во тековната година и се исплаќаат на ловечките друштва со кои Агенцијата за храна и ветеринарство има склучено договор.

4. Трошоците под реден број 3 и 17 во висина од 50% се на товар на Програмата за здравствена заштита на животните и се исплаќаат на ветеринарните друштва со кои Агенцијата за храна и ветеринарство има склучено договор, додека останатите 50% се на товар на одгледувачот. Цената за вакцинација против Класична чума кај свињите на одгледувалишта каде се чуваат повеќе од 100 свињи годишно во целост е на товар на одгледувачите на свињи.

5. Трошоците под реден број 4, 6, 18 и 20 во целост се на товар на одгледувачот на животните.

6. Патните трошоци во случаите кога согласно точка 1 од овој прилог не се вкалкулирани во висината на трошоците ќе се пресметуваат во висина од 20% од цената на горивото за секој изминат километар. Бројот на изминати километри треба да биде потврден од страна на официјален ветеринар.